# Политика за приватност на порталот за кариера на А1 Македонија

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Веб страницата https://jobs.a1.com, претставува групациска платформа за регрутација на нови вработени на А1 Телеком Австрија Групацијата, каде што во делот https://jobs.a1.com/mk се објавуваат огласи за отворени работни позиции во А1 Македонија, што претставува единствена платформа преку која се собираат податоци за кандидатите за вработување.

## 2. КОНТРОЛОР И НЕГОВИ КОНТАКТ ПОДАТОЦИ

Контролор на збирката на лични податоци на кандидати за вработување е Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, РС Македонија.

Контакт податоци во врска со обработката на Вашите лични податоци во процесот на регрутација:
Тел. +389 2 3100077
Контакт центар 077 1234
Е-маил: hrrecruitment@a1.mk ; dpo@a1.mk

## 3. ОФИЦЕР ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

А1 Македонија во својство на контролор на лични податоци има определно Офицер за заштита на лични податоци кое е достапно на следните контакт информации:
Бранко Јаковчески
E-mail: dpo@a1.mk; branko.jakovcheski@a1.mk
Телефонски број: +389 77 773 803

## 4. ЧИИ ПОДАТОЦИ ОБРАБОТУВАМЕ?

- Посетители на веб страницата https://jobs.a1.com
- Физички лица – апликанти за одредено работно место

### 4.1. Обработка на Вашите податоци

Доколку се регистрирате преку нашиот портал за работни места, ќе ги обработиме следните податоци за Вас доколку се содржат во Вашата апликација:

Име, презиме, телефонски број, е-пошта, како и други податоци наведени во Вашето CV и други документи (доколку такви имате приложено кон апликацијата).

По правило ги бришеме Вашите податоци по шест месеци од денот на аплицирање, освен ако не сте дале согласност да ги задржиме податоците во период од три години за да можеме да го споредиме Вашиот профил со отворените работни места во овој период.

Вашите лични податоци во процесот на регрутација се обработуваат врз основа на Ваша согласност, односно слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја како субјект на личните податоци (кандидат за вработување), преку изјава или јасно потврдено дејствие.

Вашите лични податоци ќе се обработуваат исклучиво за цели на постапката на вработување и нема да се обработуваат за други цели.

Вашите податоци ги обработуваме со цел да провериме дали се квалификувате за одредена работна позиција во А1 Македонија објавена на нашиот портал за работни места и за да контактираме со Вас во врска со натамошните чекори.

Исто така, доколку Вашиот профил одговара на одредено слободно работно место во рамки на А1 Телеком Австрија групацијата на компании, како и доколку дадете согласност при аплицирањето („*Се согласувам моите податоци да се споделуваат во рамки на А1 Телеком Австрија Групацијата и да се користат за други позиции во рамки на А1 Телеком Австрија Групацијата*") ние може да ја споделиме Вашата Апликација во рамки на групацијата и Вие може да бидете повикани на разговор или интервју од соодветната компанија која припаѓа на А1 Телеком Австрија групацијата.

### 4.2. Обработка на личните податоци за посетителите на веб страницата https://jobs.a1.com

При посетата на нашата веб-страница за секој посетител се обработуваат следните податоци:

- Вашата интернет протокол (IP) адреса;
- Уредот од кој пристапувате, вид и модел;
- Вашиот оперативен систем;
- Видот на пребарувачот, plugins и верзија;
- Страните кои ги посетувате на нашата веб-страница и времето кое го минувате на секоја страна;
- URL на страницата која Ве префрлила на нашата веб-страница и во некои случаи, термините кои сте
- Јазикот на пребарувачот кој го користите;
- Држава (се одредува преку IP адресата)

Вообичаено собираме податоци кои се користат за анализирањето на податоците од посетите на нашата веб-страница како и за одржување на информациската сигурност на нашата веб-страница со употреба на колачиња ("cookies").

## 5. УПОТРЕБА НА КОЛАЧИЊА ("COOKIES")

### 5.1. Што се колачиња (cookies)?

Колачињата (cookies) се мали текстуални датотеки, кои се сместуваат во Вашиот компјутер или мобилен телефон од страна на веб страниците кои ги посетувате. Овие текстуални датотеки можат да бидат прочитани од страна на веб страниците кои ги посетувате и да помогнат во Вашата идентификација кога повторно ќе ја отворите веб страницата. Текстуалните датотеки можат да бидат „постојани" или „привремени". Постојаните колачиња (cookies) остануваат на Вашиот компјутер и кога ќе го исклучите пребарувачот (ќе преминете во офлајн состојба), додека привремените се бришат штом го затворите интернет пребарувачот. Колачињата (cookies) се користат за повеќе цели, како на пример за да се запомнат Вашите активности и преференции (вклучувања, јазични преференции, големина на фонт или како да ви се прикажува страницата), за да се обезбеди персонализирана/приспособена содржина на веб страницата и да се прикаже навигациската историја на истата.

### 5.2. Зошто користиме колачиња?

На оваа веб страница користиме колачиња (cookies) од следниве причини: Со помош на колачињата А1 Македонија го следи движењето на посетителите на интернет страната и на тој начин собира податоци за подобро разбирање за користењето на интернет страната од страна на посетителите, со цел да се подобри корисничкото искуство, да се оптимизира и унапреди функционалноста на интернет страната.

Колачињата ни овозможуваат да го препознаеме Вашиот интернет пребарувач, при следната посета на интернет страната.

Колачињата може да ги зачуваат Вашите преференции и други технички информации, но не можат да читаат податоци или информации од вашиот хард диск или мобилен телефон, ниту пак да читаат други зачувани фајлови за колачиња од други интернет страни.
А1 Македонија користи неколку видови на колачиња при работењето на интернет страната.

### 5.3. Каков вид на колачиња (cookies) користиме?

- Неопходни колачиња - овие колачиња се неопходни за правилно функционирање на основните функции на веб-страната.

- Функционални колачиња - колачиња кои овозможуваат додатни функционалности за поголема сигурност на веб-страната

- Колачиња за маркетинг - колачиња за маркетинг и анализа наменети за генерирање на податоци за следење на дневната статистика за посетеност и прикажување на огласи на сопствените и партнерските веб-страни

Колачињата и другите технологии што се користат за аналитика помагаат да се собираат податоци со што се овозможува подобрување на содржината и изградба на подобри функции што го подобруваат Вашето искуство.

Некои колачиња и други технологии им помагаат на сајтовите и апликациите да разберат како нивните посетители се ангажираат со нивните услуги.
На пример, Google Analytics користи збир на колачиња за собирање информации и известување за статистика за користење на страницата без лично да идентификува индивидуални посетители на Google. „_ga", главното колаче што го користи Google Analytics, и овозможува на услугата да разликува еден посетител од друг и трае 2 години. Секој што имплементира Google Analytics, вклучувајќи ги и услугите на Google, користи колаче „_ga". Секое „_ga" колаче е единствено за конкретното својство, така што не може да се користи за следење на даден корисник или прелистувач преку неповрзани веб-локации.

jobs.a1. вклучува Google Analytics - откако корисникот се согласи на користење на колачиња (преку дијалогот за колачиња).

Google Analytics собира повеќе категории на податоци (како што се: прелистувач, оперативен систем, големина на екран, време, патека за кликнување, ...)

Овде можете да најдете повеќе информации директно од Google: https://policies.google.com/privacy

Повеќе информации за користењето на колачиња од страна на Google Analytics може да прочитате на: https://policies.google.com/technologies/cookies?hl=en-US

Веб-страницата користи VIMEO за видеа и CDN систем за подобри перформанси. Овие услуги не поставуваат колачиња, односно не обработуваат податоци на клиентот.

### 5.4. Бришење на колачињата

Информациите поврзани со колачињата (cookies), не се користат за Ваше лично идентификување. Прифаќањето на овие колачиња (cookies) не е неопходно за работа на веб страницата, но истите би Ви овозможиле подобро искуство во пребарувањето. Доколку сакате овие колачиња (cookies) можете да ги избришете или блокирате, но ако го сторите тоа некои карактеристики на оваа веб страна можеби нема да работат правилно.

Можете да ги избришете сите колачиња (cookies) кои веќе се наоѓаат на Вашиот компјутер и можете да ги подесите поголемиот дел од пребарувачите за нивно спречување. Доколку го сторите ова, можеби ќе има потреба рачно да ги прилагодувате преференциите секој пат кога посетувате веб страна, а исто така можно е да не работат и некои услуги и функционалноста.

Во случај кога не сакате да користите колачиња како што е наведено, или ако се премислите откако ќе се согласите со нашата употреба на колачињата, можете да ги избришете преку Вашиот пребарувач.

## 6. КАТЕГОРИИ НА КОРИСНИЦИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Активностите на обработка на лични податоци поврзани со процесот на аплицирање за работа преку достапни преку веб страницата https://jobs.a1.com/mk се извршуваат од страна на овластени лица од страна на А1 Македонија, кои се одговорни за извршување на овие активности.

А1 Македонија не споделува податоци за Вас на трети лица, освен во следните случаи:

- во случај на ангажирање обработувачи во согласност со Законот за заштита на личните податоци со што ќе бидат обврзани да обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги (*Доколку ангажираме трета страна за обработка на Вашите податоци, ние и понатаму ќе останеме одговорни за приватноста на Вашите податоци. Трета страна за обработка на Вашите податоци ќе користиме само ако имаме соодветни писмени гаранции или обврзувачки интерни правила за приватност на податоците со договорниот обработувач на податоци*);

- по барање на суд, полиција или други органи и тела за вршење на нивните надлежности и само во случај ако постои законски основ за тоа.

## 7. РОК НА ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Рокот на чување на Вашите лични податоци е 6 (шест) месеци од денот на аплицирање, освен ако во моментот на аплицирање, не сте дале согласност истите да се чуваат 3 години (*„Се согласувам моите податоци да се чуваат 3 години и да се користат за други соодветни позиции*“).

Доколку ја повлечете претходно дадената согласно за обработка на Вашите лични податоци, а за кои немаме друг законски основ да продолжиме со таа обработка, ние ќе ги избришеме личните податоци на кои се однесувала конкретната согласност.

## 8. ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Доколку при Вашата апликација за одредена работна позиција дадете согласност за споделување на Вашите лични податоци за одредено слободно работно место во рамки на А1 Телеком Австрија групацијата, дел од личните податоци може да бидат пренесени во рамки на А1 Телеком Австрија Групацијата пришто ние ќе продолжиме да ги штитиме Вашите личните податоци што ги пренесуваме во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Секогаш кога ги пренесуваме Вашите лични податоци обезбедуваме нивна заштита преку доследно почитување и применување на соодветни заштитни мерки во согласност со прописите за заштита на личните податоци кои го уредуваат преносот на личните податоци.

## 9. КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА ВО ОДНОС НА ОБРАБОТКАТА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Субјектите на лични податоци (физички лица – во случајот кандидати за вработување) имаат права во однос на заштита на нивните лични податоци, како што се детално објаснети во Законот за заштита на личните податоци.

Во оваа смисла, друштвото А1 Македонија ДООЕЛ Скопје како контролор на лични податоци е должно да го олесни остварувањето на правата на субјектите на личните податоци врз основа на член 19 до член 26 од наведениот закон.

Во конкретниот процес на обработка на личните податоци, субјектите имаат можност да ги остварат следните права: право на пристап, право на ограничување на обработката, право на бришење, право на исправка и право на преносливост.

Од таа причина, во продолжение можете да пристапите до соодветните форми со цел реализација на Вашите права за заштита на личните податоци:

- Барање за пристап на личните податоци
- Барање за бришење на личните податоци
- Барање за исправка на евидентирани лични податоци
- Барање за ограничување на обработката на личните податоци
- Барање за преносливост на личните податоци

За дополнителни информации и/или остварување на Вашите права за заштита на личните податоци, можете да го контактирате нашиот Офицер за заштита на лични податоци Бранко Јаковчески на:
E-mail: dpo@a1.mk; branko.jakovcheski@a1.mk
Телефонски број: +389 77 773 803.

## 10. ПРОМЕНА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИВАТНОСТ

Политиката за приватност редовно ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности согласно закон.